Уп. Бр. 08-100/2024

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Телемах Словенија д.о.о. со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231, Љубљана-Чрнуче, Словенија, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 21.08.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Телемах Словенија д.о.о. со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231, Љубљана-Чрнуче, Словенија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Т – 2 д.о.о со седиште на адреса Веровшкова улица 64А, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 03.07.2024 година, а дополнето на 19.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Телемах Словенија д.о.о. со седиште на адреса Брнчичева улица 49А, 1231, Љубљана-Чрнуче, Словенија, со која Телемах Словенија д.о.о., има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Т – 2 д.о.о со седиште на адреса Веровшкова улица 64А, 1000 Љубљана, Словенија, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната

и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Телемах Словенија д.о.о. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон.

БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секој дневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дистрибуција на медиумски содржини преку ДТХ технички платформи,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се занимава со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));
- услуги за огласување (Директ Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград и Телемах д.о.о. Љубљана).

Т - 2 д.о.о. претставува телекомуникациски оператор со седиште во Љубљана.

Т - 2 д.о.о. се занимава со обезбедување на телекомуникациски услуги од 2004 година; запишано е во судскиот регистар во Словенија на 11 мај 2004 година.

Т - 2 д.о.о. обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, широкопојасен пристап на интернет и дистрибуција на медиумски содржини на територијата на Република Словенија.

Т - 2 д.о.о. е присутно исклучиво во Словенија и не обезбедува услуги надвор од Словенија.

Т - 2 д.о.о. нема зависни друштва во Република Северна Македонија и претходно нема остварено приход во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**